**Оглас за вработување оператор(к)и на линијата за поддршка на деца и млади, „АлоБушавко“**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши објавува оглас за вработување на оператор(к)и на линијата за поддршка на деца и млади „АлоБушавко“. Вработувањата се во рамките на проектот “Безбеден интернет центар во Македонија“ (MkSafeNet), чиј координатор е Министерството за дигитална трансформација (МДТ), а ко-финансиран од Евроспката комисија, претставувана од Европската извршна агенција за здравство и дигитализација (ХаДЕА). Периодот на имплементација на проектот е до 28.02.2026 година.

Проектот MkSafeNet има за цел да воспостави Национален центар за безбеден интернет во Македонија, следејќи ги европските практики и веќе-воспоставените центри во регионот, притоа адресирајќи го недостатокот на таков ресурс во земјата. Главната цел е да се обезбеди побезбедно дигитално искуство за децата, да им се понудат алатки и знаења за одговорно користење на дигиталните технологии како и да се обезбеди поддршка за жртвите на сајбер-насилство.

Позиција: Оператор(к)и на линијата за поддршка на деца и млади „АлоБушавко“, 4 извршител(к)и

Опис на работната позиција:

- Прием на повици од деца, адолесценти или лица кои се грижат за децата, родители, старатели, кои бараат или имаат потреба од воспоставување контакт со линијата за поддршка;
- Обезбедување поддршка кон лицата кои оствариле контакт, преку активно слушање, професионално водење, поддршка при решавање на проблемите кои се од различен вид, како што се семејни конфликти, проблеми во училиште, ситуации кои

предизвикуваат стрес, предизвици во дигиталниот свет, насилство и други психолошки или емоционални предизвици;

- Обезбедување поддршка и насочување кон безбедно користење на интернет и справување со онлајн ризиците
- Обезбедување информации кои се корисни за здравјето, образованието, безбедноста и друго, односно служат за воспоставување врска со надлежни организации/институции и служби, кои професионално се занимаваат со посочените теми (здравствени установи, правни субјекти, МВР, Народен правобранител и др.);
- Доверливост и тајност на работата. Сите разговори и информации остануваат доверливи и се третираат согласно етичките и законските стандарди;
- Обезбедува целосна административна и логистичка координација на линијата и редовно известува;
- Комуникација со надлежни институции за решавање на пријавените случаи;
- Следење, документирање на повиците и подготвување на месечни, полугодишни и годишни извештаи и месечни распореди;
- Соработка со тимот на линијата за поддршка „АлоБушавко“ и обезбедување соодветна помош;
- Организирање и спроведување едукативни сесии со деца и млади, за безбедно користење на интернет и справување со онлајн ризици
- Креирање на едукативни содржини за ментално здравје, дигитална безбедност, итн.
- Координација со други организации и институции кои работат на полето на дигиталната безбедност, за размена на информации, соработка и споделување на најдобри практики
- Постојано усовршување и учество во обуки за подобрување на квалитетот на услугите на линијата за помош „АлоБушавко“.

Потребни квалификации:

- Развиени комуникациски вештини за воспоставување контакт и прием на повици од деца, адолесценти или лица кои се грижат за децата, родители, старатели, кои бараат или имаат потреба од воспоставување контакт со линијата за поддршка;

- Завршено минимум средно образование за кандидати кои имаат соодветни сертификати од областа на психологија, социјални науки, педагодија и други општествени области
- Предност ќе имаат кандидати со високо образование во области како психологија, социјални науки, педагогија или слично
- Развиени комуникациски вештини и способност за работа со деца и млади.
- Способност за брзо учење,, прилагодување на нови технологии и дигитални алатки
- Способност за поддршка во  конфликтни ситуации и емпатија.
- Основно познавање за постоечките онлајн ризици, дигитална писменост и безбедно користење на интернет

- Познавање на македонскиот и/или албанскиот јазик. Познавање на англискиот јазик ќе се смета за предност.
- Спремност за работа во сменски распоред (дневни и ноќни смени, викенди и празници).

Кандидатите треба да ги поседуваат следните општи услови:

- Веруваат во мисијата на организацијата
- Желба и мотив за работа во граѓанска организација, која опфаќа прашања и политики за деца
- Поседуваат возачка Б дозвола
- Брзо прифаќање и прилагодување кон задачите
- Тимска работа и мултикултурно опкружување
- Јасни комуникациски вештини и презентација
- Активно учество во работата на организацијата
- Организираност

Предност при селекција:

- Предходно искуство во работа со деца или на слични позиции.
- Способност за работа под притисок и во стресни ситуации.
- Способност за тимска работа и ефикасно решавање на проблеми.

Вид на вработување:

- Работниот однос ќе биде на определено време од 6 месеци, со 40 часовна работна недела (100%).

- Работниот ангажман предвидува договор за работен однос со покриени придонеси за здравствено и пензиско осигурување и основна нето плата во износ од 36.000,00 денари.
- Работа во тим кој се грижи за добросостојбата на децата.
- Можности за професионално усовршување и обука.
- Пријатна работна атмосфера.

Аплицирање:

- Работна биографија,

- Писмо за мотивација,

- Копија од диплома за завршено образование;

- Копии од сертификати за посетени обуки

- Копија од возачка дозвола

**Како да аплицирате:**

Целокупната документација може да се испрати на следнава електронска адреса info@childrensembassy.org.mk со назнака: Апликација за работна позиција - оператор(к)и на линијата за поддршка на деца и млади, „АлоБушавко“ најдоцна до 25.02.2025 година, 16.00 часот.

Сите селектирани кандидати/ки кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на разговор.
На останатите кои ќе аплицираат Детската амбасада Меѓаши не презема одговорност да им одговори.